# СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ

## ПРЕДЛОГ

за утврдување Предлог–одлука за распределба на добивката на
Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година

Скопје, април 2025 година

Врз основа на член 40 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 470/31.5.2024 година, пречистен текст), Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 29.04.2025 година донесе

**ОДЛУКА**

за утврдување Предлог–одлука за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година

1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ) согласно Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишните финансиски извештаи на СБ за 2024 година, оствари нето-добивка во износ од 3.547.355.580,00 денари.

2. Нето-добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година се предлага да се распредели на следниов начин:

    - Задржана добивка ограничена за распределба во иднина во износ од 3.055.382.000,00 денари и
    - Задржана добивка за инвестиции во износ од 491.973.580,00 денари.

    Добивката која се распределува во задржана добивка за инвестиции ќе се употреби за развојни цели и инвестиции во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејноста на Банката.

3. Предлогот од точка 1 од оваа Одлука ќе биде доставен за одобрување од Собранието на акционери на СБ.

4. Предлог–одлуката за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година е составен дел од оваа Одлука.

5. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Н.О. бр. ________
29.04.2025 година
Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Претседавач,
Маринис Стратопулос

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Стопанска банка АД - Скопје (СБ) оствари нето-добивка во износ од 3.547.355.580,00 денари утврдена во Билансот на успех за 2024 година, што е составен дел на Годишната сметка и Годишниот извештај за 2024 година.

Согласно Законот за банки, Законот за трговски друштва и Статутот на СБ, Собранието на акционери со оваа одлука ја распределува добивката по предлог на Надзорниот одбор. Имајќи го предвид горенаведеното, се предлага добивката реализирана во 2024 година, согласно одредбите наведени во член 483 став 2 од Законот за трговски друштва да се распределат за:

- Дел од добивката во износ од 3.055.382.000,00 денари треба да се распредели во задржана добивка за инвестициони цели, во материјални и нематеријални средства за проширување на деловните активности на Банката. Таа ќе биде ограничена за распределба во иднина и ќе биде вклучена во сопствените средства на Банката и во пресметката на адекватноста на капиталот. Со издвојување на дел од добивката во ограничена добивка, Банката има право на намалување на данокот на добивка согласно Законот за данок на добивка при подготвување на даночните биланси за 2025 година. Наведениот износ од 3.055.382.000,00 денари нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба) и соодветно на важечката регулатива ќе има третман на основен капитал на Стопанска банка АД - Скопје.

- Останатиот дел од добивката, во износ од 491.973.580,00 денари ќе се распредели во задржана добивка за инвестициони цели во материјални и нематеријални средства за проширување на деловните активности на Банката. Со распоредување на дел од добивката во задржана добивка, Банката има право за намалување на данокот на добивка согласно Законот за данок на добивка. Со тоа Банката има право на намалување на даночната основа за искористениот износ за инвестирање и на тој начин има право на помал данок на добивката при изготвувањето на Даночниот биланс за 2025 година.

  Овој износ на добивка нема да биде вклучен во сопствените средства на Банката и во пресметката на адекватноста на капиталот. Во случај Банката да не ја реализира инвестицијата, со посебна одлука ќе го распредели овој дел од добивката во задржаната добивка што може да се распредели во иднина.

Поради гореспоменатото, се предлага Собранието на акционери на СБ да ја донесе приложената Одлука.

Скопје, април 2025 година

**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

---

# ОДЛУКА

за распределба на добивката на
Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година

---

Скопје, мај 2025 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 470/31.05.2024 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 30.05.2025 година донесе

**ОДЛУКА**

за распределба на добивката на
Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година

1. Стопанска банка АД – Скопје согласно Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишните финансиски извештаи на СБ за 2024 година, оствари нето-добивка во износ од 3.547.355.580,00 денари.

2. Добивката за 2024 година наведена во член 1 од оваа Одлука се распределува на следниот начин:

    - Задржана добивка ограничена за распределба во иднина во износ од 3.055.382.000,00 денари и
    - Задржана добивка за инвестиции во износ од 491.973.580,00 денари.

3. Добивката која се распределува во задржана добивка за инвестиции ќе се употреби за развојни цели и инвестиции во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејноста на Банката.

4. Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

С.О. бр.
30.05.2025 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,